Дневни сценарија по ликовно образование 3 одделение Февруари

| **содржини (и поими)** | **стандарди за оценување** | **часови и дата на реализација** | **сценарио за часот** | **средства** | **следење на напредокот** |
|---|---|---|---|---|---|
| Печатење - подлоги, средства, материјали, техники, постапки и елементи: (шаблон, печат, картон пеат, отпечаток, шара, декорација) | Печати со употреба на картон, шаблони, компјутер, фото апарат и печатар | 1 | **Воведни активности – активирање на предзнаењата:**<br>Учениците учествуваат во квиз: „Миленичиња“.<br>Наставникот чита опис, учениците треба да го погодат миленичето кое е опишано:<br>- Јас сум мало слатко глодарче! (**хрчак**)<br>- Сите знаат дека сум најверен другар! (**куче**)<br>- Живеам во мал воден стан! (**рипка**)<br>- На себе имам разни, најубави бои! (**папагалче**)<br>- Ноќе шетам, а дење спијам! (**маче**)<br>По погодување на миленичето се покажува негова слика и се опишува.<br>    <br>Секој ученик го именува своето милениче. Се запознаваат со целта. (5 минути)<br>**Главна активност – искуствено учење:**<br>Учениците се запознаваат со постапката на изработка на картон печат:<br>Прво со молив се црта замислената тема (моето милениче)<br>Потоа се сечат облиците и се лепат на тврда основа, картон.<br>Со помош на валјак се нанесува бојата на залепените облици.<br>Хартијата на кој треба да се отпечати се става над картонот и се притиска силно.<br>Се подигнува листот и се добива саканиот отпечаток.<br>Учениците прават матрица од картон на мотив „Моето милениче“.<br>Секој ученик изработува матрица од картон за своето милениче, а потоа ја печатат на хартија. При тоа користат хартија, картон, ножици, лепак и темперни бои. (25 мин.)<br>**Завршна активност – изведување аклучок:** | средства и материјали за печатење, дизајн и визуелни комуникции (печат, шаблони, картон печат, ножички, лепак и др.)<br>молив<br>хартија<br>валјак<br>слики | - усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците;<br>- практичната активност за време на часот (учеството во активностите);<br>- изработените ликовни творби (печатење, дизајн и визуелни комуникации);<br>- учеството во изработката на сопствени и заеднички творби. |

Снежана Тренчева

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Секој ученик излегува и ја презентира својата изработка. Останатите учениците даваат свои мислења за успешноста на печатењето, за целосното исполнување на просторот, за прецизноста и педантноста во работата, како и за предизвикот да печатат користејќи картон печат. (5 мин.)<br>**Рефлексија:**<br>Што правевме денес? Која активност ви беше најинтересна? Што научивте?... (Прашањата наставникот може да ги менува и да ги прилагоди како би добил реална слика за совладаноста на поставените стандарди) (5 минути) | | |



resursi.literatura.mk

| содржини (и поими) | стандарди за оценување | часови и дата на реализација | сценарио за часот | средства | следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| Ликовни елементи во цртањето: (контурна линија, простор-длабочина, блиску/далеку, внатрешен/над ворешен, ликовна целина, детаљ, текстура, ритам) | Ја претставува сенката на предметите со воочување на светлината и сенчење. | 1 | **Воведни активности – активирање на предзнаењата:**<br>Наставникот поттикнува игра „Сенки“. Учениците излегуваат во училишниот двор и прават разни фигури од сенки со помош на целото тело.<br>Како би ги нацртале овие сенки?<br>Истражувајте дали секој објект во дворот има сенка.<br>Колку се долги или кратки сенките? Од што зависи?<br>Земете еден камен или мал предмет од дворот, ставете го каде што има извор на светлина и набљудувајте ја неговата сенка.<br>Како би ја претставиле со цртање?<br>Кој материјал би го користеле при претставување на сенката?<br>Се запознаваат со целта (5 мин.)<br>**Главна активност – искуствено учење:**<br>Учениците ги следат објаснувањата од страна на наставникот за техниката на сенчење и претставувањето на сенка на предметите (Додека цртате, секогаш треба да гледате од каде доаѓа светлото и како сенката се оцртува на објектот кој го цртате. Сенчењето како ликовна техника е цртање на површини кои се под сенка. Светлото и сенката се неделиви појави и секое тело или објект има сопствена сенка).<br>Учениците се вклучуваат во дискусија за тоа како би нацртале за да прикажат сенка на предмет кој го набљудуваат.<br>Наставникот им покажува предмет (играчка – милениче) поставен на место каде што е изложен на светлина и каде што е видлива неговата сенка. Учениците го цртаат предметот и ја претставуваат сенката.<br>Цртаат на лист со техниката Туш и сенчење, при што користат линија.<br>Потоа ја претставуваат сенката на нацртаниот предмет со сенчење.<br>Наставникот им објаснува дека е најдобро е да се црта со туш на мазната страна од листот од блок. (25 мин.)<br>**Завршна активност – изведување аклучок:**<br>Учениците ги изложуваат цртежите, ги разгледуваат и анализаат во | средства и материјали за цртање (туш, перце, дрвце, хартија, хартија во боја, молив) играчки (куче, маче ...) | - усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците;<br>- практичната активност за време на часот (учеството во активностите);<br>- изработените ликовни творби (цртање);<br>- учеството во изработката на сопствени и заеднички творби. |



resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | смисла како го изработиле цртежот, со која техника и како го направиле сенчењето. (5 мин.)<br>**Рефлексија:**<br>Што правевме денес? Што научивте? Која активност ви беше најинтересна?... (Прашањата наставникот може да ги менува и да ги прилагоди како би добил реална слика за совладаноста на поставените стандарди). (5 мин.) | | |


resursi.literatura.mk

Дневни сценарија по ликовно образование 3 одделение Февруари

| содржини (и поими) | стандарди за оценување | часови и дата на реализација | сценарио за часот | средства | следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| Ликовни елементи во сликањето: (примарни и секундарни бои, ладни и топли бои, спектар на бои, ликовна композиција, оригинална творба, репродуција, контрасни бои, ахроматски бои, тонска градација, фантазија, ликовна изложба, ателје, декорација) | Прави ликовна композиција со употреба на примарни и секундарни бои, ладни и топли бои, контрасни бои и ахроматски бои. | 1 | **Воведни активности – активирање на предзнаењата:**<br>Наставникот поттикнува дискусија за бојата: Бојата е ликовен елемент преку кој ги изразуваме своите уметнички идеи, емоции, психолошки состојби и естетски ставови.<br>Учениците се потсетуваат за:<br>- поделбата на боите на примарни (црвена, сина, жолта) и на секундарни (портокалова, зелена и виолетова) и како се добиваат секундарните бои (зелена се добива со мешање на сина и жолта, портокалова со мешање на жолта и црвена и виолетова со мешање на сина и црвена боја).<br>- Ладни (сина, зелена, виолетова) и топли (црвена, жолта, портокалова)<br>- контрасни бои<br>- ахроматски бои (црна, бела)<br>Се запознаваат со целта.(5 мин.)<br>**Главна активност – искуствено учење:**<br>Учениците сликаат на мотив „Шарена соба“, со молив, темпера и техника/гваш, користејќи боја, единство во бојата и големина. При тоа прават ликовна композиција со употреба на примарни и секундарни бои и контраст со боја. (25 мин.)<br>**Завршна активност – изведување аклучок:**<br>Учениците ги презентираат сликите, дискутираат за боите кои се употребени. Ги изложуваат готовите слики во училницата. (5 мин.)<br>**Рефлексија:**<br>Што правевме денес? Што научивте? Која активност ви беше најинтересна?... (Прашањата наставникот може да ги менува и да ги прилагоди како би добил реална слика за совладаноста на поставените стандарди). (5 мин.) | средства и материјали за сликање (блок, четки, темперни бои, палета). молив | - усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците;<br>- практичната активност за време на часот (учеството во активностите);<br>- изработените ликовни творби (сликање);<br>- учеството во изработката на сопствени и заеднички творби. |

Снежана Тренчева

resursi.literatura.mk

| **содржини (и поими)** | **стандарди за оценување** | **часови и дата на реализација** | **сценарио за часот** | **средства** | **следење на напредокот** |
|---|---|---|---|---|---|
| Дизајн и визуелни комуникации-средства, материјали, техники, постапки и елементи: (дизајн, дезен, украс, накит, декорација, амбалажа, оригами, илустрација, фотографија, корица за книга, постер, плакат, визуелни комуникации, визуелен знак, естретска проценка) | Дизајнира корица за книга, постер и плакат, самостојно или во групи. Создава дизајн преку постапки на лепење, составување, врзување и сл. при што предметите го изменуваат правобитниот изглед. Дизајнира визуелни знаци со дадено значење. | 1 | **Воведни активности – активирање на предзнаењата:**<br>Учениците преку **бура на идеи** се искажуваат за омилениот начин на патување?.<br>Сите луѓе во светот имаат омилен начин како да стигнат до одредено место. Секако, зависи дали патувањето е поблиску или подалеку. Ако сакате да патувате за Австралија или за Америка, можете да патувате со авион или брод. Доколку сакате да појдете некаде на одмор низ нашата земја, тогаш можете да одите и со автомобил и со автобус, со воз или, пак, со мотор. Сите сакаат да стигнат брзо и безбедно, и кога патуваат далеку и кога патуваат блиску.<br>Како се однесуваме во превозното средство со кое патуваме?<br>Се запознаваат со целта.(5 мин.)<br>**Главна активност – искуствено учење:**<br>Учениците изработуваат книга: Правила на однесување во превозно средство.<br>(Пример:<br>- Пред влегување во возилото, пуштете ги патниците прво да излезат од него.<br>- Влегувај по ред, еден по еден.<br>- Држи се за држачот.<br>- Отстапувај место на постари, болни, инвалидни лица.<br>- Тивко разговарај.<br>- Отпадоците фрлај ги во корпата за отпадоци...)<br>Учениците се поделени во изработката на книгата:<br>Дел од учениците ја дизајнираат корица за книгата, а останатите изработуваат визуелни знаци (**за правила на однесување во превозно средство**) од картон, комјутер, користејќи форма, облик, боја, простор, големина. (25 мин.)<br>**Завршна активност – изведување аклучок:**<br>Учениците ја презентираат изработената книга. (5 мин.)<br>**Рефлексија:** | картон, комјутер | - усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците;<br>- практичната активност за време на часот (учеството во активностите);<br>- изработените ликовни творби (печатење, дизајн и визуелни комуникации);<br>- учеството во изработката на сопствени и заеднички творби. |


resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Што правевме денес? Што научивте? Која активност ви беше најинтересна?... (Прашањата наставникот може да ги менува и да ги прилагоди како би добил реална слика за совладаноста на поставените стандарди). (5 мин.) | | |



resursi.literatura.mk